**Општина Шуто Оризари-Komuna Šuto Orizari-Komuna Shuto Orizari**
**Република Северна Македонија-Republika Utarali Makedonija-Republika e Maqedonisë së Veriut**

**Бр- No-Nr.** 09 - 142/1
13.03. **2026 год- berš-viti**
**СКОПЈЕ- SKOPJE-SHKUP**

Врз основа на член 15 точка 11, член 14 точка 8, член 36 точка 15 и член 61 од Статутот на Општина Шуто Оризари, како и Одлуката на Советот на Општина Шуто Оризари бр. 03-103/22 од 24.02.2026 година, Градоначалникот на Општина Шуто Оризари го објавува следниов

# ЈАВЕН ОГЛАС

## 1. ПРЕДМЕТ НА ОГЛАСОТ

Предмет на овој јавен оглас е доделување на управување и користење на спортската сала во сопственост на Општина Шуто Оризари, на правно лице во форма на здружение на граѓани, регистрирано согласно Законот за здруженија на граѓани и фондации.

Управувањето и користењето на салата се доделуваат за период од **пет (5) години**, со можност за продолжување по позитивна оценка на успешноста на реализацијата на програмата.

## 2. УСЛОВИ ЗА УЧЕСТВО

Право на учество во постапката имаат здруженија на граѓани кои ги исполнуваат следниве услови:

- Да бидат регистрирани како здружение на граѓани согласно Законот за здруженија на граѓани и фондации .
- Да имаат најмалку пет (5) години искуство во работата во областа на спорт, здравствена заштита, социјална заштита, култура или младинска работа.
- Да имаат препознатлива активност и позитивен углед во заедницата на територијата на Општина Шуто Оризари.
- Да поседуваат финансиска стабилност и капацитет за реализација на предвидената програма.

## 3. ПОТРЕБНА ДОКУМЕНТАЦИЈА

Кандидатите се должни да ја достават следната документација:

1. **Барање за учество** (слободен текст).
2. **Потврда за регистрација** од Централен регистар на Република Северна Македонија (не постара од 3 месеци).
3. **Документи кои го потврдуваат искуството** (програми, извештаи, списоци на проекти, договори за соработки, потврди, награди и сл.) во бараните области.

4. **Програма за работа и користење на спортската сала** (согласно точка 4 од овој оглас).
5. **Доказ за финансиска стабилност** (финансиски извештај за претходната година или друга релевантна документација).
6. **Изјава за согласност со условите на огласот** (потпишана од законски застапник).

## 4. СОДРЖИНА НА ПРОГРАМАТА

Програмата за работа и користење на спортската сала мора да содржи:

- **Цели и активности** за популаризација на спортските и рекреативните активности.
- **План за одржување и користење** на салата во согласност со техничките и безбедносните стандарди.
- **План за инклузија** на деца, младинци, лица со попреченост и маргинализирани групи.
- **План за финансирање** на трошоците за одржување, енергија, стручна опрема и осигурување.
- **Предлог за соработка** со локалните училишта, здруженија и други јавни институции.

## 5. РОК И НАЧИН НА ПОДНЕСУВАЊЕ

Документацијата се поднесува во затворен плик, на увид на архивата на Општина Шуто Оризари, со назнака: **„Пријава за јавен оглас за доделување на управување и користење на спортска сала – да не се отвора“.**

**Рокот за поднесување на пријавите е 8 (осум) дена** од денот на објавувањето на огласот во Службен гласник на Општина Шуто Оризари и на порталот на општината.

Непотполните и ненавремените пријави нема да бидат разгледувани.

## 7. ПОСТАПКА ЗА ИЗБОР

По истекот на рокот за пријавување, Комисијата за оценка, составена од двајца членови на Советот и еден од општинската администрација на Општина Шуто Оризари, ќе ги отвори пристигнатите пријави и ќе изврши увид во доставената документација. Комисијата ќе го предложи најповолниот кандидат врз основа на исполнетоста на критериумите и квалитетот на доставената програма.

**ГРАДОНАЧАЛНИК**

**КУРТО ДУДУШ**